Република Северна Македонија

**Министерство за финансии**

Министерството за финансии врз основа на член 22 став 1 алинеја 2, став 3, став 8 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија", број 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 143/19, 14/20 и 208/24), член 22 став 1 точка 1, член 23, член 24, член 25, член 26 и член 27 од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија" број 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16 и 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 110/19, 267/20, 151/21, 288/21, 111/23, 39/25, 74/25 и 124/25) и Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за финансии, објавува

**ОГЛАС БРОЈ 10/2025 ЗА ВРАБОТУВАЊЕ ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ФИНАНСИИ**

Министерството за финансии објавува оглас за вработување на едно (1) лице на определено време, заради привремено зголемен обем на работа, за период од една година, на следното работно место и тоа:

**1. Самостоен референт за канцелариско, архивско и благајничко работење, Подрачно одделение за првостепена управна постапка – Струмица, Сектор за управна постапка, Управа за имотно правни работи – (1 извршител);**

<u>Потребни квалификации:</u>

- вишо/средно образование;
- најмалку три години работно искуство во струката;
- активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски);
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење;
- да е државјанин на Република Северна Македонија.

<u>Распоред на работно време:</u>

- дневно работно време помеѓу 7:30 и 8:30 часот и завршеток на истото помеѓу 15:30 и 16:30 часот, неделно работно време 40 часа - од понеделник до петок.

<u>Основна нето плата:</u> 27.832,00 денари.


Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев" бр.12, Скопје
+389 2 3255 634
www.finance.gov.mk

Заинтересираните кандидати треба да доставаат докази за исполнување на условите што се бараат за работното место на кое аплицираат, односно: кратка биографија – CV со задолжително наведен контакт телефон и адреса; фотокопија од доказ за завршено образование кое се бара за работното место; Потврда од Агенција за вработување на Република Северна Македонија како доказ за бараното работно искуство; фотокопија од уверение за државјанство; фотокопија од доказ за познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски) и фотокопија од доказ за познавање на компјутерски програми за канцелариско работење.

Потребната документација да се достави во затворен коверт на следнава адреса:

**Министерство за финансии**
**ул. „Даме Груев“ бр. 12, 1000 Скопје**
**(со назнака „за оглас за вработување“)**

На ковертот да се наведе бројот на огласот и бројот на работното место на кое се аплицира, со напомена: „Не отворај“.

Рокот за доставување на потребната документација е три (3) работни дена сметано од денот на објавување на огласот во дневниот печат.

Ненавремената, нецелосната и некомплетната пријава и документација нема да биде разгледана.

По разгледување на поднесените пријави, кандидатите кои имаат уредна документација ќе бидат повикани за дополнителна селекција во просториите на Министерството за финансии.

Министерството за финансии ќе изврши избор во рокот пропишан согласно со член 23 став 2 од Законот за работните односи.

Лица за контакт:
Лилијана Стојановска - тел. 02/ 3255 624; lilijana.stojanovska@finance.gov.mk
Кимет Куртиши - тел. 02/ 3255 634; kimet.kurtisi@finance.gov.mk